КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
ноември 2013 • бр. 34 • година 5



НАШИОТ ГРАДОНАЧАЛНИК ПОЧЕСЕН ГРАЃАНИН НА ТИВАТ

Registered ISO 9001:2008

ISSN 1857-6753



ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"ЕЛИСАВЕТА"

Дом за стари лица "Елисавета"

02/30-62-021
02/61-46-880
078/43-41-49

имвента д.о.о- скопје

Дозвола# 35170

+3892 3081657

SMART HOME
CHOOSE PRIVILEGE

MONEY GUARANTEE IMVENTA карпош



BELVEDERE
RESORT

RADIO engineering

www.belvedereresort.mk

карпош

ВО ОВОЈ БРОЈ



ВО ФОКУСОТ

СВЕЧЕНА РОДЕНДЕНСКА АКАДЕМИЈА 6



ПОРТРЕТ: Михаил Ренцов

ОРФЕЈОТ ОД СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН 12



ВЕСТИ

ЛИДЕРИ ВО ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ 16



ТАЛЕНТИРАНИ И УСПЕШНИ

МОЈОТ „ДЕЧКО“ - РОМАНОТ 27



СПОРТОРАМА

СРЕБРО ЗА НАШИТЕ ВАТЕРПОЛИСТИ 33



Издава Општина Карпош
Бул.„Партизански одреди“ бр.68
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-61-353
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Стевчо Јакимовски
Димче Мешковски
Томе Груевски
Владо Поповски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Уредници
Миле Раденковиќ
mile.radenkovic@karpos.gov.mk

Редакција
Игор Ѓуровски
Мила Глигорова
Ива Манова
Анета Манчевска
Живко Трајановски
Јоана Станиќ
Лилјана Петрушевска-Кочовска

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Лилјана Петрушевска-Кочовска

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед
Игор Ѓуровски

Маркетинг
Александар Бошковски
Горан Димовски
Ивана Пендовска
Игор Богоевски
marketing@karpos.gov.mk



НАШИОТ ГРАДОНАЧАЛНИК, ПОЧЕСЕН ГРАЃАНИН НА ТИВАТ

Во присуство на претседателот на Црна Гора, Филип Вујановиќ, на 21 ноември, во Тиват, градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, беше прогласен за почесен граѓанин на Општина Тиват.

По повод денот на локалната самоуправа, претседателот на Општина Тиват, Миодраг Канкараш, му го врачи ова високо признание на Јакимовски во знак на благодарност и почит, со порака за понатамошно продлабочување на успешната соработка меѓу двете збратимени општини, Тиват и Карпош.

В.Ц.





Исечок од билтенот на Општина Тиват



Почитувани сограѓани,

Ноември, за нас од Општина Карпош е славенички месец. Во него е роденденот на Општината, 3 Ноември, и тогаш се трудиме да се прикажеме во најдобро светло. Во само еден месец организираме десетици настани со кои им го збогатиме животот на нашите сограѓани. Карпош, и овојпат, ја организираше традиционалната крводарителна акција со која со години наназад го држиме државниот рекорд во дарувани крвни единици. Карпошани се хумани луѓе и веруваме дека и овојпат ќе спасиме многу животи.

Во изминатиот месец го одбележавме роденденот на Општината со Свечена академија и со многу гости. На гости ни беа делегации од збратимените општини од Тиват, Стари Град од Сараево, Травник и Нови Београд, а стекнавме и две нови и, се надевам, трајни пријателства. Со потпишувањето на Повелба за соработка се збратимивме и со Сремски Карловци и со Врњачка Бања.

Карпош со својата посветеност, развој и желба за соработка, одамна веќе излегува од границите на нашата држава. Ние сакаме да ги шириме и да ги споделуваме своите успешни практики, а и да учиме од подобрите од нас. Една таква растечка и напредна општина е Тиват, која е вистински магнет за инвестиции. Бевме на гости кај нив, на Денот на Општина Тиват, а мене ми беше укажана вистинска чест со признанието за почесен граѓанин. Од сесрце искрено им благодарам.

Во изминатиот ноември во Карпош продолжи да се гради. Освен почнатата 12. зграда на улицата Никола Русински, почнавме со реконструкција на уште една стара фасада, на булеварот Партизански одреди број 56. Сега веќе вградуваме повеќеслојни 10 сантиметри енергетски ефикасни фасади, со што повеќе штедиме и енергија и пари на граѓаните. Продолживме со реконструкција на градинките, со замена на покривите, како онаа во Козле, градинката „Пролет“, инвестираме во изградба на водоводни мрежи, паркиралишта, фекални канализации, поставуваме пневматски рампи на паркинзите на граѓаните кај колективните станбени згради, каде има потреба и кои се предмет на узурпација од возила од други општини. Карпош станува сè посреден и поурабнизиран.

Она на што сме особено горди е што Карпош е лидер во енергетската ефикасност во државата. И оваа година организираме „Недела на енергетската ефикасност“, што, всушност, е еднонеделен научен симпозиум каде се споделуваат искуствата меѓу практичарите, фирмите, науката и институциите како во практика да се имплементира енергетската ефикасност во сферата на градежништвото, во секојдневното живеење. Оваа манифестација станува бренд на Карпош, а Карпош со својата темелност во оваа сфера, со донесените две програми и Правилникот за мерките за енергетска ефикасност, е на чекор пред реализацијата на Конвенцијата на градови „20-20-20“ пет години пред истекот на крајниот рок. Ние инвестираме во екологијата, во здравиот и квалитетен живот на нашите сограѓани.

Карпош не ги заборава ниту своите таленти. Роденденски биравме најталентирани музичари, пејачи, писатели, но и традиционално ги доделивме стипендиите за најталентираните ученици и спортисти. Ние вистински инвестираме во својата иднина. Не ги заборавивме ни највозрасните сограѓани, згрижени во Домот за стари лица „Мајка Тереза“ и со најмладите ги посетивме и се дружевме со нив. Карпош ги отвори портите и за младите со пречки во развојот од Долна Нормандија кои беа во речиси еднонеделна посета на нашата општина и кои снимаа филм за Карпош. Карпош сега се подготвува за зимскиот период, а следните студени месеци ќе ги пречекаме со топли домови и со топли срца, отворени за сите проблеми на нашите граѓани.

Вашиот градоначалник, Стевчо Јакимовски



Нашиот градоначалник и Миленко Филиповиќ, претседател на Советот на Општина Сремски Карловци потпишаа Протокол за соработка

37 години Општина Карпош

СВЕЧЕНА РОДЕНДЕНСКА АКАДЕМИЈА



Со изведба на државната химна на Македонија, во присуство на 700 гости, во хотелот „Александар палас“, општинската администрација со пригодна свеченост ја одбележа 37-годишнината од постоењето на локалната самоуправа. На манифестацијата присуствуваа претседателите и делегациите од збратимените општини, Тиват (Црна Гора), Стари Град и Травник (Босна и Херцеговина), Нов Белград, Врњачка Бања и Сремски Карловци (Србија) и други видни личности од културниот и политичкиот живот од Македонија и од странство.

Во рамките на оваа свеченост, градоначалникот на Тиват, Миодраг Канкараш, ја соопшти веста дека нашиот градоначалник е прогласен за почесен граѓанин на нивната општина. Притоа, Јакимовски потпиша Протокол за соработка со претседателот на Советот на Општина Сремски Карловци, Миленко Филиповиќ, и со заменик-претседателот на Општината Врњачка Бања, Андрија Боќанин, со што Општина Карпош официјално се збратими со овие две српски општини.

Со овој свечен документ потписниците на Протоколот се обврзуваат дека врз основа на вистинско меѓусебно почитување, засекогаш ќе воспостават различни форми на соработка, размена на идеи за

реализација на проекти од заеднички интерес во областа на економијата, културата, образованието, туризмот, спортот, заштитата на природното и културното наследство.

Потписниците на Протоколот ја утврдуваат заедничката обврска да придонесат за развојот и јакнењето на локалните заедници, локалната самоуправа и нивната меѓусебна поврзаност и да се збогатат сеопфатните односи и содржини за уште посилна и поуспешна поврзаност на луѓето и народите на двете општини.

Во оваа пригода се обрати општинскиот татко, Стевчо Јакимовски, кој изрази задоволство од бурната година, во која локалната самоуправа успешно се соочи со своите предизвици.

- Довербата од сè што беше сработено во изминатиот четиригодишен период ја ставивме на проверка пред сите жители на Карпош. И заслужено победивме. Работевме многу, се трудевме многу и поддршката не изостана. Граѓаните избраа Карпош да оди по патот на развојот, на урбанизацијата, на осовременувањето и на економскиот раст.

Во чекор со светските трендови на енергетска ефикасност и еколошка заштита, во чекор со европското образование, со глобалната хуманост и социјална инклузија, со демократизацијата и еманципацијата на општеството – истакна Јакимовски. Тој воедно ги посочи приоритетите на локалната самоуправа.

- Отсега натаму ќе се фокусираме на подигнување на развојната компонента, со поддршка на крупни инвестициски проекти кои ќе донесат економски раст, поволен деловен амбиент, нови вработувања и атрактивност на Општината. Ќе речете дека сме преамбициозни и си земаме премногу обврски. Јас не велам така. Дури повеќе, убеден сум дека можеме повеќе и знаеме повеќе бидејќи граѓаните на нашата општина заслужуваат повеќе – додаде првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски.



Во рамките на оваа манифестација, Општина Карпош го прогласи македонскиот лауреат Михаил Ренџов за заслужен граѓанин на локалната самоуправа за 2013 година. Овој голем поет и писател го доби карпошовото признание за своето животно дело и творење, оставајќи крупен белег со неговите незаборавни поеми „Полноќ“, „Вечната бесконечната“, „Потоп“, „Сонуваме патуваме“, притоа афирмирајќи ја Општината, како и Република Македонија.

Роденденската ноќ ја одбележаа неодоливите звуци од виолината на музичкиот виртуоз Зоран Џорлев и прекрасната изведба на Националниот ансамбл „Танец“. Извонредната атмосфера ја збогати настапот на новосадскиот ансамбл „Зоруле“, групата што го придружува Ѓорѓе Блашевиќ, кој со својот богат репертоар ги воодушеви присутните гости.

Игор Ѓуровски



Јакимовски и Андрија Боќанин, заменик претседател на Општина Врњачка Бања, го озваничија збратимувањето на нашите општини

Две нови збратимувања за Општина Карпош

ЧОВЕК Е БОГАТ КОЛКУ ШТО ИМА ПРИЈАТЕЛИ

Општина Карпош е развиена, комуникативна и пријателски расположена општина. Во тој дух и традиција, таа се збратими со пет општини досега: Тријадица - Бугарија, Нови Београд - Србија, Тиват - Црна Гора, Стари Град –Сараево и Травник - Босна и Херцеговина. Минатиот месец, Советот на Општина Карпош донесе две нови одлуки за збратимување на Општина Карпош со општините Сремски Карловци и Врњачка Бања од Република Србија. Со тоа, бројот на збратимени општини со кои Карпош остварува поблиска соработка достигна седум.

Велат дека човек е богат толку колку што има пријатели. А ние сме многу, многу богата општина!

СРЕМСКИ КАРЛОВЦИ

Општина Сремски Карловци е позната по тоа што во неа е основана најстарата српска гимназија во 1791 година.Тоа е градот каде се школувал и инспирирал големиот српски поет и романтичар Бранко Радиќевиќ. Во Сремски Карловци е изведена и првата театарска претстава во Србија, а таму е склучен и големиот Карловачки мир во 1698 меѓу сојузниците на т.н. Света лига. Токму во овој град првпат е востановена „тркалезната маса“ во политичкиот живот како место на рамноправни преговарачи. Во периодот од 1703 до 1920 година овој град бил религиозно седиште и тука е основано обединувањето на епархиите во Српската патријаршија. Во историјата ќе се памети и по тоа што 1848 година е прогласено Српското војводство како автономија во рамките на Австро-унгарското кралство и тој проглас одекнал токму од балконот на денешната наша братска општина Сремски Карловци.





ВРЊАЧКА БАЊА

Врњачка Бања е кралицата на бањскиот туризам на овие простори. Оваа година, оваа наша новозбратимена општина прославува 145 години од организирано занимавање со бањски туризам. По Белград, Врњачка Бања има најголем број остварени ноќевања како туристичка дестинација во Србија. Овој град ни е познат и по прочуениот „Врњачки карневал“, но кога би отишле таму, би морале да ги посетите и Мостот на љубовта, Врњачки фијакери, парковите и шеталиштата, Римскиот извор што за лекување го користеле уште старите Римјани, Изворот на езерото, новата јапонска градина, замокот „Белимарковиќ“, кој е еден од најстарите и датира од втората половина на 19 век.





ПОМОШ ЗА СОЦИЈАЛНО-ЗАГРОЗЕНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, во рамките на манифестацијата Денови на Општина Карпош, на три пункта на територија на општината подели стотина хуманитарни пакети на социјално загрозените семејства од Карпош. Производите беа собрани во текот на традиционалната хуманитарна акција „Да бидеме хумани за нашите соседи“, која локалната самоуправа ја спроведе во пресрет на роденденот на Општината

- Оваа акција се спроведува трипати годишно, за божиќните и велигденските празници и за Денот на Општината. Со неа им помагаме на нашите семејства кои се во тешка материјална состојба. Тоа се прехранбени и хигиенски продукти кои нашите сограѓани ги донираат пред големите маркети на територија на Општината. Сакаме да им кажеме на нашите сограѓани кога се среќаваме во вакви пригоди, дека и тогаш кога прославуваме се сеќаваме на нив со надеж дека оваа нивна состојба ќе биде привремена. Во ова време-невреме, Општината колку може им помага на социјално-загрозените семејства како со материјални така и со финансиски средства - истакна првиот човек на Општината, Јакимовски, при што додаде дека Општина Карпош се грижи во континуитет не само за инфраструктурните објекти туку и за граѓаните.

И.Ѓ.

ХУМАНИТЕ КАРПОШАНИ МАСОВНО ДАРУВААА КРВ

Манифестацијата „Денови на Општина Карпош“, годинава почна со традиционалната дводневна крводарителска акција. Граѓаните од Карпош и пошироко со голем одзив ја покажаа својата хуманост и помогнаа во спасувањето човечки животи.

Првиот човек на општината, Стевчо Јакимовски, и годинава даруваше крв, а овојпат својата донација ја даде во Трговскиот центар „Скопје сити мол“.

- Ова е наша традиционална крводарителска акција по повод Денот на Општината, 3 Ноември. Ги повикувам сите граѓани, кои се здрави и немаат никакви здравствени пречки, да ни се приклучат и да обезбедиме што е можно повеќе крвни единици за оние пациенти и наши сограѓани кои имаат потреба од крв - рече Јакимовски и се пофали со собореният рекорд од 650 крвни единци во еден ден, што се нема случено досега во државата.

Како редовен крводарител, во оваа хумана акција учествуваше и претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски, кој истакна дека ваквата акција е од огромно значење за нашите сограѓани на кои најмногу им е потребна ваква помош.

- Ги повикувам сите граѓани на општината и на градот Скопје да ги поддржат овие крводарителски акции и на овој начин да им помогнат на сите граѓани кои имаат потреба од ваков вид помош. Јас секогаш сум ги поддржувал и повеќепати имам давано крв, па и денеска ќе го искористам овој момент повторно да помогнам некому што има потреба од оваа скапоцена течност - посочи Лазаровски.

И.Ѓ.



НАГРАДЕНИ НАЈТАЛЕНТИРАНИТЕ УЧЕНИЦИ И СПОРТИСТИ

Во рамките на роденденското чествување на Општината, решенија за стипендии добија 78 талентирани ученици. Веќе петта година по ред, на иницијатива на првиот човек на Општината и Советот на Општина Карпош, церемонијално се доделуваат стипендии на најталентираните ученици и спортисти кои учат во десетте основни училишта во Карпош. Градоначалникот Стевчо Јакимовски свечено им врачи решенија за стипендии за период од осум учебни месеци на 52 талентирани ученици кои постигнале одлични резултати од областа на образованието. Поделени во три категории, 15 основци се добитници на стипендии во вредност од 3.500 денари, 23 ученици стекнаа право на стипендија во вредност од 2.500 денари, а 14 ученици ќе добијат стипендија во вредност од 1.500 денари. Претседателот на Комисијата за спорт од Општина Карпош, Давор Грче, пак, додели 26 осуммесечни стипендии, во три различни категории, во вредност од 2.000, 3.000 и 4.000 денари на ученици-спортисти кои особено се истакнале со својот талент.

Во оваа пригода се обрати општинскиот татко, Стевчо Јакимовски, кој изјави дека за него оваа традиционална манифестација претставува особено задоволство бидејќи се работи за талентирани деца кои несомнено се иднината на Карпош.

- За нас е важно да им дадеме поттик на нашите најмлади жители. Со овој чин сакаме да им покажеме дека, доколку тие навистина се трудат, Општина Карпош секогаш ќе биде тука за нив, подготвена да ги вреднува нивните резултати – додаде Јакимовски.

И.Ѓ.





ДОБИТНИЦИ НА УЧЕНИЧКИ СТИПЕНДИИ
ЗА 2013/2014 ГОДИНА

Милан Самарџиски
Анастасија Јовановска
Елена Пренџова
Ѓорѓи Станојески
Марио Чоланчевски
Матеја Станојески
Иван Николовски
Борис Атанасовски
Сара Елек
Ана Марковски
Симона Богоевска
Ина Кроневска
Магдалина Михајловска
Марко Зајков
Марта Крстевска
Давид Јандриевски
Димитар Митровски
Атанас Маневски
Петар Касапинов
Марко Кузмановски
Игор Трајков
Зорица Саздова
Лео Кралевски
Кристина Мојтиќ
Емил Ангелов
Јаков Ѓорговски
Марко Србиновски
Михаил Кржаловски
Ана Јованова
Давид Христов
Алексеј Кубелка
Дарко Тушев
Габриела Ивановиќ
Марија Степаноска
Екатерина Лукарова
Мартина Јовановиќ
Александар Чавлески
Андреј Весиќ
Дамјан Димовски
Сара Канг
Итан Шулајковски
Елеонора Данаиловска
Симеон Калајџиевски
Наталија Калајџиевска
Александар Ристовски
Андреј Чоловиќ
Анастасија Димова
Дарја Мустафаоглу
Филип Андоновски
Јана Чоловиќ
Андреј Божиновски
Стефан Божиновски

ДОБИТНИЦИ
НА СПОРТСКИ СТИПЕНДИИ
ЗА 2013/2014 ГОДИНА

Јана Таневска
Стефан Колески
Александра Самоиловска
Андреј Андреевски
Кирил Петрески
Ивана Манова
Теа Терзиевска
Вивит Калач
Борјан Панчевски
Теодор Димитровски
Даниел Србиновски
Јана Чубринова
Хамзи Јашари
Љиља Ковачевиќ
Христо Плашевски
Андреј Нуневски
Вања Младенова
Илија Ристовски
Филип Андоновски
Ведран Ристовски
Јована Ивановска
Калина Тодоровска
Лука Љубен Андонов
Кристијан Перовски
Тамара Кордановска
Марко Огњановски

СО „БЕЛЕГЗИЈА“ И СО ВИОЛИНА, КАРПОШ ИЗБРА ТАЛЕНТ

Со прекрасните звуци на виолината во виртуозните раце на петтоделенката Марта Попоска од ООУ „Владо Тасевски“ и со поемата „Белегзијата“ на златното перо на ООУ „Димо Хаџи-Димов“, Дијана Дурлевиќ, заврши големата детска манифестација „Карпош има телент 2013“.

На Детскиот ден од манифестацијата „Денови на Општина Карпош“, во Кинотеката на Македонија вторпат се одржа избор на најголемите таленти од десетте основни училишта во областа на литературните творби, во пеење, актерство, танц и во изведба на композиција на музички инструмент. Пре-



ку прекрасната изведба на делото „Fiocco – Alegro“, виолинистката Марта Попоска го фасцинираше тричленото жири во состав Маја Вељковиќ, актер од Драмски театар, Дејан Теодосиевски, челист од Македонската филхармонија, и Андреа Никчевиќ, бренд-менаџер на „Ритам плус“, кое едногласно ѝ го додели победничкото место. Второто место го освоија Дијана Дурлевиќ и Илина Митровска од „Димо Хаџи-Димов“ со драматизација на текст на Дурлевиќ, „Дома на гости“, а третото место го освои балерината Софија Пановска од „Јан Амос Коменски“. Со егзалтација, аплауз и навивање од другарчињата беа поздреавени и другите осум таленти на Карпош кои имаа соло-настап. Посебна комисија од литературниот конкурс на Карпош, кој Општината го распиша по повод роденденот, во состав Душко Кралевски, писател и новинар, Виолета Цветковска, раководител на Одделението за односи со јавноста и новинар, Љупка Трајчевска и Татјана Талевска од Одделението за образование во Карпош, избра и три наградени литературни творби на ученици од Карпош. Апсолутен победник на литературниот конкурс „Сите сме едно, играме заедно“ беше поемата на Дијана Дурлевиќ од „Димо Хаџи-Димов“ со шифра „Белегзија“. Второнаграден беше текстот на Јана Трпковска од „Петар Поп-Арсов“ , а трета, песната на Ана Ангеловска од„Аврам Писевски“. Комисијата одлучи да додели и три пофалници на Јана Ушлиновска од „Јан Амос Коменски“, Кристина Марковска од „Владо Тасевски“ и Зијуш Елези од „Братство“. Секретарот на Општина Карпош, Владо Поповски, свечено им ги врачи наградите на сите победници, при што првите места беа наградени со 6.000 денари, вторите со 4.000 и третите со 2.000 денари.

В.Ц.

ИЗЛОЖБА НА АКВАРЕЛ ЗА ДЕНОТ НА ОПШТИНАТА

Воодушевувачки погледи и насмеани лица можеа да се видат на изложбата која беше сублимат од дела на најдобрите акварелисти од целиот свет, а по повод Денот на Општината можеше да се разгледа во Кинотека на Македонија до 10 ноември. Богатата изложба на уметничките дела изработени со водени бои од креативните и талентирани раце на познати светски автори кои учествуваа на третиот и на четвртиот Акварелен симпозиум во организација на Општина Карпош, беа бесплатно достапни за разгледување за сите љубители на уметноста.

На изложбата беа претставени дела од еминентните домашни автори: Глигор Чемерски, Данчо Ордев, Симонида Филипова-Китановска, Таки Павловски, Милан Андов и многу други, како и на на големите виртуози од Косово, Словенија, Јужна Ко-



реја, Белгија, Унгарија, Шпанија, Италија, Турција, Белорусија, Шведска и од многу други земји.

М.Г.

Портрет: Михаил Ренџов, заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2013 година



ОРФЕЈОТ ОД СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН

Она мое внатрешно „јас“ ме бранеше од надворешно влијание, така што иако бев со сите, секогаш бев сам и свој. А Господ (и Лилјана) ми е сведок дека големите награди доаѓаа ненадејно, без кумства и побратимства, потврдувајќи ми дека моето внатрешно око убаво гледало убавини

Работите некој така ги нареди што разговорот со поетот Михаил Ренџов - Мише го почнавме некаде во средината на 80-тите години од минатиот век, го надополнивме деновиве, но првпат со неповторлив повод. Апостолот на поетската реч од пазувите на „Св. Пантелејмон“ е избран за почесен граѓанин на Општина Карпош.

Голите факти за поетот Ренџов се енциклопедиско четиво и сосема се доволни за да се разбере големината на корифејот на македонската поезија, но ни одблиску доволно за целосен портрет на човекот што со „чиста македонска дума“ изгради еден волшебен поетско-духовен универзум. Поводот дозволува да се рече дека на ова питомо македонско поднебје изникнале многу „редачи на зборови“, но, само двајца од нив, нашиот лауреат Михаил Ренџов и Радован Павловски, лично ги задоила божицата Калиопа. За констатацијата, длабоко субјективна, да биде разбрана, треба да се спомене дека и двајцата ја студирале науката на божицата Јустиција, веројатно од вродениот порив правдата и правото да им бидат водилки низ овој длабоко неправеден и неправичен свет.

Ставата и ликот на Михаил Ренџов се чиста асоцијација на неговата духовна преокупација и колку и да сте неуки, од прва ќе погодите дека човекот е поет. А дека навистина е тоа, ќе ви стане јасно при првата мисла што ќе ја размените бидејќи и она секојдневното „Здраво, што правиш?“, Мише го изговара поинаку, чиниш првпат ја слушаш таа тривијална фраза.

– Во нашето штипско маало Стар Конак, каде, покрај другите, се родени Глигоров, Грличков... имавме куќа и во неа булук деца и сите пеевме. Ќе почнеше мајка ми Павлина, па таткото Петар и, се разбра, сите ние, петте нивни деца. Сиромашни бевме, но пеевме. Во таа куќа, мојата прва заштитничка и духовен учител беше баба ми Марија, Маца, неписмена, а ука, која наизуст ги знаеше сите песни за Крале Марко и славните јунаци... Белки тука во мене е зародено моето внатрешно „јас“, она што немаше допир со моето „јас“ во комшиското секојдневие. А тоа внатрешно „јас“ прозбори во мене во почетокот на 60-тите години, и тогаш, на анонимен општојугословенски конкурс, мојата песна победи, а мојата слика се појави на насловната страница на „Нова Македонија“ – ни раскажа Ренџов за тоа како гимназијалецот од Стар Конак влетал во поетскиот универзум, останувајќи во него препознатлив со она благородно внатрешно „јас“, олицетворено во планина неповторливи стихови.

Во времињата кога македонската поезија бликаше на сите четири страни од светот, кога во Струга на Константин Миладинов му се поклонуваа мајсторите на поетската реч, Неруда, Дагларџа, Вознесенски, Агеј... таму беше и Михаил Ренџов. Најпрвин, како еден од основоположниците на таа манифестација, но повеќепати како лауреат на Рациновото признание или Ловоровиот венец на Вториот Хомер. Него, меѓутоа, никогаш никој не го сретна во клановите на книжевно-поетските клики од кои дел беа поетите со тогаш престижните награди.

– Она мое внатрешно „јас“ ме бранеше од надворешно влијание, така што иако бев со сите, секогаш бев сам и свој. А Господ ми е сведок дека големите награди доаѓаа ненадејно, без кумства и побратимства, а на големо изненадување на моето надворешно „јас“. Инаку, ние двајца, во мене едниот, сосема се помиривме кога првпат го здогледав Нерези и пресветиот „Пантелејмон“ во неговите пазуви. Го гледав одоздола, од Карпош 4, и си помислив дека токму под „Св. Пантелејмон“ треба да се закуќам. Многу години подоцна, кога во долгите ноќи другарував со светецот, бев сигурен дека токму тој ме повикал да се потпреме еден на друг, поточно јас на неговото духовно пространство. Се сеќавам, кога првпат во Нерези дојде мој драг пријател и кога ме праша како сум го нашол тоа божествено место, јас му одговорив: „Тоа ме најде мене “ – вели нашиот заслужен граѓанин.

На нашето чудење од каде тој правник во литералните води, Ренџов одговара дека тоа е само одглас на слични прашања што му ги поставувале оние што го канеле правдата да ја дели во вистинска судница, во Штип, навестувајќи му го дури столчето во Врховниот суд.

– Е, токму тогаш, моето внатрешно „јас“ беше посилно и заедно заминавме во Скопје, па за Нерези во мисија, која, како што гледам, не била залудна. Ако ја следев врвицата на професијата за која се школував, пред сè, заради стипендијата која тогаш не се даваше за студии по книжевност, ќе загубеше и правото и поезијата. Се засолнав во Националната библиотека, задоволувајќи ги двете „јас“ во мене... Работев за егзистенција, а творев за душата – се сеќава поетот.

А тоа творештво на третиот македонски Хомер е поместено во 35 книги и закитено со 17 награди. Михаил вели дека другите ги броеле тие награди, а тој искрено се израдувал кога вторпат го добил Ловоровиот венец на Прличев бидејќи, како што вели, и на себеси и на другите докажал дека неговото пеење не било залудно.

Ако го прашате од каде таа филигранска хармонија во неговото творештво, без оглед дали се работи за еден стих или долга поема, тој одговара: „Убаво прашање бидејќи и поводот налага да кажам дека е тоа чист одраз на семејната хармонија. Човек мора да биде семејно среден за да биде вистински творец. Стожер на таа хармонија на моите две „јас“ е мојата животна сопатничка Лилјана и, се разбира, нашите синови Павел и Петар, професионални музичари. За да се разбере за што зборувам, ќе кажам дека повеќепати, откако ќе завршев некое писание, мојата Лиле ќе речеше: „Овде се повторуваш“. Таа знаеше сè, дури и за моето внатрешно „јас“, за моите дружби со светлината и со темнината, со убавината и со стравовите... Јас ѝ возвратив така што во секоја книга ѝ посветив по една песна, се разбира, со целосна согласност на моите две „јас“.

Ренџов вели дека во животот се вардел од „наречи другари и дружби“, но и дека имало вистински пријатели.

– Кога ќе речам дека пријатели ми биле и ми се Чедо Јакимовски, Петре Андреевски, Анте Поповски, Ефтим Клетников... го кажувам тоа со почит бидејќи тие пријателства не зависеле од луѓето и од времињата и ме правеле подобар одошто сум. Денешните дружби се чист интерес и немаат врска со уметноста, а да не зборуваме за поезијата. Замисли, ме поканија да бидам член на жири за една престижна награда и еден ден, еден млад поет дознал и, ни срам ни перде, доаѓа и ми вели: „Маестро Мише, таа награда би ми значела повеќе од сè на светов“. Се разбира, му реков што може да ти значи измолена награда. Е, токму таа аномалија, речиси целосно ја сотре поетската дума во Македонија. Да не е даровитиот Маџиров, кој знае дали по поезијата би нè препознавале, како што нè препознаваа и нè спомнуваа во онаа Југославија и во светот...

За признанието почесен граѓанин на Општина Карпош, Ренџов вели дека го изненадило како и сите претходни признанија, но додава дека бил пријатно вознемирен.

– Се почувствував горд оти во Карпош дојдов во 1965 година и сметам дека ова е најубаво место во градов...

Го прашуваме нашиот заслужен граѓанин Ренџов што останало од пеењето во сиромавото детство во Стар Конак.

– Останале убави спомени и навика одвреме-навреме да засвирам на кавал и на окарина, прекрасен подарок од генијалниот и сестраниот уметник Крсте Мариновски...

Миле Раденковиќ

ПЕСНАТА И ПЕПЕРУГАТА

Ќе бараш
Само ронка од
светлинка
И од неа ќе искроиш
Пеперуга.

Долго, долго таа
Ќе ти лежи на клепките
Потоа ќе ти навлезе во
крвта.

Потоа ќе бараш
Конче од суница
И со неа ќе се виткаш
И ќе се обвиткуваш
Додека не се
Закожурчи.

Долго, долго така
Ќе ти лежи на срцето.

Ќе сакаш најпосле
Да ја именуваш
Тогаш од крвта
Ќе ти излази
Пеперуга
И ќе
Одлета.

РАБОТНО ВО ПРЕСРЕТ НА ЗИМАТА

Иако ноември е период на доцна есен, временските услови дозволуваа да се почнат некои проекти за кои граѓаните сметаа дека не треба да се одложуваат, но и да се завршат некои што сме ги почнале во минатиот период...





Фирмата „Аполо инженеринг“ ја почна реконструкцијата на фасадите на зградата на бул. Партизански одреди бр. 56 и на ул. Никола Русински бр.12



Завршена е поправката на велосипедската патека на кејот на Вардар



Новото осветлување на улицата Шекспирова е реализација на „Елтра“



Водоводната мрежа на улица 10-10 во Козле ја изведува „Енергомонт“



Пневматските препреки за регулација на паркинг-местата на паркиралиштето кај пазарчето во Тафталиџе ги вгради „Бис инженеринг“



Фекалната канализација во должина од 40 метри на улица Теодосиј Синаитски ја изведе „Аква монтинг“

Giovani
LOUNGE RESTAURANT

Контакт телефон 02/ 30 63 228
Моб: 070 383 203; 072 224 668

LAPLAST-M

Момин Поток бб
1000 Скопје, Македонија
Телефон: +389 (02) 3097 007
Факс: +389 (02) 3095 800
www.laplast-m.com.mk

ЛИДЕРИ ВО ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Со обраќање на градоначалникот Стевчо Јакимовски, официјално почна втората по ред Недела на енергетска ефикасност во општина Карпош. На оваа свеченост присуствуваа претставници од Министерството за економија, Град Скопје, ЗЕЛС, ГИЗ, како и претставници од невладиниот сектор, како што се УНДП, „Хабитат Македонија“ и „Цепросард“. Еднонеделната манифестација опфати пет тематски денови во рамките на кои, стручни излагања имаа експертите од областа на енергетската ефикасност.

Првиот човек на Општината, обраќајќи се на отворањето, го изрази своето задоволство од одржувањето на овој голем настан кој е од особено значење за локалната самоуправа.

- Мене ми претставува особена чест што вторпат ја организираме оваа манифестација. Сакаме да



ги поттикнеме граѓаните и институциите да размислуваат на оваа тема, што значи намалување на трошоците и спроведување на обврските кои локалната самоуправа ги презема за реализација на протоколот „20/20/20“. Со гордост можеме да констатираме дека досега целосно реализиравме една и донесовме втора Програма за енергетска ефикасност што ќе се реализира од 2013 до 2015 година. Се погриживме училиштата на нашата територија да бидат енергетски ефикасни. Со помош на меѓународни донатори, продолжуваме со проекти од областа на енергетската ефикасност што ќе ги опфатат и нашите граѓани – истакна Јакимовски. Тој потсети дека веќе две години градиме според критериумите од донесениот Правилник за мерките за енергетска ефикасност.

- Оваа манифестација, која е традиционална, треба да нè поттикне да донесуваме нови стратегии во делот на енергетската ефикасност и да ги остваримe – посочи Јакимовски. Особено внимание привлече презентацијата на раководителот на Одделението за енергетска ефикасност, Љупчо Димов, кој ја образложи Програмата за енергетска ефикасност 2013-2015 година. Општина Карпош е единствената локална самоуправа во Македонија што спроведува втора Програма, составена од 15 различни проекти со кои би се подобриле ефектите на заштеда на енергија и би се унапредил квалитетот на животот од еколошки аспект. Одделението за екологија ја презентираше темата „Отпад како енергија“. Впечатлива беше и презентацијата на „Топлификација“, фирмата што ги изработи проектите за секундарната и терцијарната гасоводна мрежа во Карпош. Своја презентацијата имаше и Креативниот тим од општина Карпош, кој преку видеопроекција ги претстави ефектите и придобивките од имплементирање на највисоките стандарди на енергетска ефикасност во резиденцијалниот сектор.

И.Ѓ.

СТАРТУВА ВТОРАТА ПРОГРАМА

Директорот на Агенцијата за енергетика на Република Македонија, Лазар Гечевски, на 4 ноември годинава, на градоначалникот Стевчо Јакимовски му го врачи мислењето за Програмата за енергетска ефикасност 2013-2015 година на Општина Карпош, со што и официјално беше означен почетокот на нејзината имплементација. Оваа програма е прва од ваков вид во Република Македонија, а претставува континуитет на првата Програма за енергетска ефикасност 2008-2012 година. Вкупната вредност на проектите од Програмата е околу 11 милиони евра, а ќе овозможи целосно завршување на проектите што се однесуваат на енергетски ефикасно улично осветлување, енергетски ефикасни објекти во надлежност на Општина Карпош, училишта и градинки, но и реализација на проекти од областа на транспортни возила и механизација во сопственост на Општината. Од вкупниот износ, околу 8 милиони евра се предвидени за резиденцијалниот сектор, односно за термоизолациска обнова на 163 згради за домување со вкупна фасадна површина од 437.550 квадратни метри. Со реализацијата на Програмата за енергетска ефикасност 2013-2015 година, Општина Карпош, заклучно со 2016 година, ќе ги исполни обврските од потпишаната Конвенција на градоначалници „20-20-20“. Конвенцијата подразбира до 2020 година да се намали потрошувачката на енергија за 20 проценти, да се намалат загадувачките емисии на гасови за 20 проценти и да се заменат 20 проценти од актуелните извори на енергија со обновливи извори.

Л.П.К.



ЦВЕТНА РОДЕНДЕНСКА ЧЕСТИТКА

Улиците на Карпош беа преплавени од илјадници весели и насмеани лица. Дечињата од десетте основни училишта и од градинките во Карпош, облечени во прекрасни шарени костими со цветен аранжман, продефилираа низ општината, со што, на специфичен начин ѝ го честитаа 37. роденден на локалната самоуправа.

Колоната со младите „цветчиња“ се разлеа по булеварот Партизански одреди, низ улицата МАНАПО и се упати кон училишниот двор на ООУ „Лазо Трповски“, симболизирајќи го духот на младоста, иднината и на просперитетот на Општина Карпош. На цветното дефиле во разиграна атмосфера, младите карпошани заедно пееја, танцуваа и другаруваа на сцената. На оваа свечена манифестација присуствуваше градоначалникот Стевчо Јакимовски и општинските делегации од Нов Белград, Стари Град – Сараево, Травник и Сремски Карловци, кои се збратимени општини со локалната самоуправа од Карпош.

Во оваа пригода, првиот човек на Општината изјави дека се чувствува прекрасно бидејќи се наоѓа помеѓу младите ведри лица.

- Кога ве гледам заедно, навистина сум горд што сум градоначалник на Карпош. Оваа глетка ни дава уште поголем поттик да продолжиме во насоката во која се движиме, да ги модернизираме училиштата и градинките, да организираме повеќе културни манифестации, да ги наградуваме талентираните ученици и спортисти и да им помогнеме на вашите родители. Вашата задача е да играте, да пеете, да бидете среќни и да се смеете. За сè друго, ќе се погрижат вашите родители и Општината Карпош – посочи Јакимовски.

И.Ѓ.

ЛИСТ ПО ЛИСТ, КАРПОШ ДА Е ЧИСТ

По повод 37. роденден на локалната самоуправа, општинарите од Карпош спроведоа есенска акција за чистење на отпадот. Распоредени на десет различни локации во општината, околу 150 административци собираа отпадоци, лисја, искршени гранки во тревните површини, по улиците, околу зградите и во другите делови од урбаните заедници. Станува збор за традиционална еколошка акција, која Општина Карпош редовно ја реализира секоја година, во рамките на манифестацијата „Денови на Општината“.

И.Ѓ.



ПРАЗНИЧНИ ПАКЕТИ ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ОД „МАЈКА ТЕРЕЗА“

По повод 13 Ноември, градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски ги посети пензионерите од Домот за стари лица „Мајка Тереза“. На свечен празничен начин, на 90 згрижени граѓани кои беа присутни на четвртата по ред манифестација за Денот на ослободувањето на Скопје, им беа доделени пригодни подароци од Општина Карпош. Општинскиот татко, како и секоја година, со пригоден говор ги поздрави граѓаните од третата доба и им посака долг живот и среќни моменти поминати заедно.

- Сакаме на нашите пријатели кои се станари во овој дом за стари лица да им покажеме дека мислиме на нив. Со пригодна програма што за нив ја подготвија најмладите, сакаме да ги развеселиме и да ги расположиме, да го направиме овој ден малку поинаков од секојдневниот живот поминат во домот. Како благодарност што се тука со нас, им делиме празнични пакети кои, се надевам, ќе им го разубават денот и ќе придонесат за уште поголема дружба меѓусебе - истакна Јакимовски.

Најголемото пакетче, наменето за сите пензионери, беше од дечињата од градинката „Пролет“. За добро расположение за време на посетата, децата од претшколска возраст, ја збогатија програмата со песни и со македонски ора.

М.Г.



КАРПОШАНИ ВДОМУВААА МИЛЕНИЧИЊА

„Домашно миленичe за секој граѓанин и едукативен центар за заштита на животните скитници“, беше тема на акцијата во општина Карпош, во рамките на проектот „Вдоми миленик“, поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка, а во организација на невладината организација „Анима мунди“. Акцијата се одржа на платото на ТЦ „Скопје сити мол“ и на неа љубителите на домашни миленици има можност да вдомат миленичe и да се советуваат за своите миленичиња со претставниците од оваа невладина организација.

- Во рамките на едукативниот караван „Правиме денес за подобро утре за нас, природата и животните“, влијаеме на свеста кај граѓаните, односно предупредуваме од опасноста за расфрлање на отровите - рече Столе Велковски, претставник на здружението „Анима мунди“. На акцијата беа презентирани и едукативни информативни материјали за секој љубител на миленичиња. Општина Карпош, со учеството во оваа акција, потврди, дека не само што го поддржува овој проект за вдомување миленичиња, туку поддржува многубројни хуманитарни акции од различен тип. **М.Г.**



ГРАДОТ И ОПШТИНАТА ЗА ПОУРБАН КАРПОШ



Општина Карпош и градоначалникот Стевчо Јакимовски беа домаќини на градоначалникот на Скопје, Коце Трајановски, и на директорите на јавните претпријатија кои дојдоа во втора по ред работна посета на Карпош во текот на оваа година.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, изрази задоволство од соработката на двете администрации, а на повисоко ниво од година на година се издигнува и соработката со јавните претпријатија што е во интерес на граѓаните. Сепак, според кажувањата на одговорните во општинската администрација, сè уште има некои „тесни грла“, првенствено во учеството на градските служби во одржувањето на хигиената и на зелените површини. Останува отворен проблемот и со водоснабдувањето на Нерези, како и неколку инфраструктурни проблеми околу фекалната канализација.

Градоначалникот Јакимовски информираше за најновите решенија околу проблематичните „точки“ за паркирање, односно узурпирањето на паркиралиштата на Карпош од жители од други општини, посебно оние кои имаат зонско паркирање. Тој остана дециден дека паркирањето во Карпош и натаму ќе биде бесплатно бидејќи се изградени нови паркиралишта и граѓаните на Карпош немаат проблем со паркирањето.

На средбата, Трајановски се осврна и на дел од проектите што ќе се реализираат на територијата на Општина Карпош во наредната 2014 година, а кои се во надлежност на Градот. Така, според него, ќе се продолжи реконструкцијата и проширувањето на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов од крстосницата со булевар 8 Септември до студентскиот дом „Гоце Делчев“, ќе продолжат градежните работи за решавање на тесното сообраќајно грло меѓу улицата Скупи и булевар 8 Септември, ќе се подготви техничката документација за решавање на проблемот со водоснабдувањето на високата зона во Нерези, како и активности за изградба на фекална мрежа на булевар Партизански одреди, на потегот од улица Московска до булеварот 8 Септември. **В.Ц.**

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 13 НОЕМВРИ

По повод одбележувањето на 69-годишнината од ослободување на Скопје, висока делегација од Општина Карпош, предводена од градоначалникот Стевчо Јакимовски, секретарот Владо Поповски и претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски, положи свежо цвеќе на партизанските гробишта во Бутел и пред гробот на генерал Михаило Апостолски.

Високата делегација од Општина Карпош им оддаде почит на паднатите борци, положувајќи букет и пред Споменикот на ослободителите на Скопје. На оваа свеченост присуствуваа градоначалниците од скопските општини, претставници на дипломатскиот кор во Република Македонија, претставници од Собранието и на Владата на РМ, како и делегација на Сојузот на борците од НОАВМ. Во рамките на оваа манифестација, се обрати генерал-полковник во пензија, Тодор Атанасовски, кој пред присутните го истакна значењето на овој голем празник. **И.Ѓ.**



КАРПОШ НИЗ ОЧИТЕ НА ЛИЦА СО ХЕНДИКЕП ОД ФРАНЦИЈА

Осуммина млади од Флери-сур-Орн (Долна Нормандија) - Франција, со полесна интелектуална попреченост, беа на петдневен престој во Карпош и снимаа визуелна репортажа за општината. По тој повод, во просториите на урбаната заедница Влае 1, тие се сретнаа со лицата со посебни потреби од Карпош, при што воспоставија лични пријателски односи и преку видеопроекција ги запознаа карпошани со знаменитостите на општината Флери. Придружувани од стручните лица од Медицинско-образовниот институт „Андре Бодеро“ од Долна Нормандија, младите Французи првпат ја напуштија својата татковина и од осум општини во Македонија, одлучија да ја посетат општината Карпош.

Во рамките на средбата во урбаната заедница Влае 1, присуствуваше првиот човек на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, и аташето за соработка од Амбасадата на Франција во Република Македонија, Паскал Гале.



- Општина Карпош е подготвена да се збратими со Флери-сур-Орн. Кога се работи за размена на искуства, би сакале едно наше училиште да оствари соработка со некое ваше училиште. Оддалеченоста меѓу нас е илјадници километри, но колку и да е далечна дестинацијата, патот секогаш почнува со првите чекори. Ние веќе ги направивме првите чекори на соработка и, во тоа име, ви стоиме секогаш на располагање – истакна Јакимовски. **И.Ѓ.**



НОЌ НА ВЕШТЕРКИТЕ

Ноќта на вештерките во нашата општина беше одбележана со два настани.

Училиштето за странски јазици „Филос“, во соработка со кафе-барот „Мартини“ и „Младински форум за соработка“, со поддршка од Општина Карпош, на Ноќта на вештерките одржа хуманитарна забава за помош на Јовица Блажевски – Јоце. Кафулето „Мартини“ беше претесно за да ги собере малите „вештерки“, „вампири“ и „чудовишта“ од „Филос“, кои ја збогатија хуманата мисија со специјалните костими што ги изработија по повод празникот.

„Запознајте ја забавната страна на стравот“, пак, беше мотото на празничната манифестација на „Скопје сити мол“, на која од 31 октомври до 5 ноември беа изложени најдобрите декоративни тикви, кои пригодно ги изработија ученици од нашите основни училишта со поддршка од Одделението за образование и наука од Општина Карпош. На секој учесник на традиционалната манифестација му беше врачена пофалница за одлично сработена креативна „халовин-тиква“. **М.Г.**

ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА ЗА РОМКИТЕ

Во просториите на урбаната заедница Злокуќани во Карпош, стручно здравствено лице одржа гинеколошко-едукативно предавање пред женската популација од ромска етничка припадност што живее на оваа територија. Со поддршка на Општина Карпош, на иницијатива на ромскиот здравствен медијатор од Министерството за здравство Алмадет Османова, Ромките активно учествуваа во овој проект, во кој се информираа за значењето на контрацепцијата и за сексуално-преносливите болести. Целта на предавањата е оваа популација да ги надмине бариерите што ги има во однос на навиките и рутината на здравствените прегледи. Во претстојниот период се предвидува одржување на вакви предавања со зголемен интензитет. **И.Ѓ.**



ПОЧНА СЕЗОНАТА НА НАСТИНКИ И НА ГРИП

Со доаѓањето на студените денови, почнува сезоната на ширење на респираторни инфекции, меѓу кои, најчести се настинките и грипот. Најголема причина за овие болести се вирусите. Повеќе од 200 различни видови вируси може да предизвикаат настинка, особено во зимскиот период, кога имунитетот на човекот е намален.

Обичната настинка лесно се шири на горниот респираторен систем. Најчести симптоми се: кашлица, кивање, главоболка, болно грло, секреција или затнување на носот, треска, замор и чувство на слабост. Настинката не се лекува со антибиотици, единствено што може да помогне да се чувствувате подобро е користење на симптоматска терапија, т.е. лекови како што се капки за нос, прополис (капки, спреј за грло или пастили), лекови против кашлање, лекови за намалување на температурата и др. Симптомите обично се губат за десетина дена. Се препорачува топла супа, плакнење на грлото со раствор од морска сол, мед, пиење напивка од млеко со шеќер, односно „карамела“, лимони, плакнење на грлото со чај од жалфија, инхалација за растечен или затнат нос, рен.



Грипот е заразна болест која се појавува поради вирусот кој се концентрира на респираторниот тракт и се карактеризира со следниве симптоми: треска, настинка, воспалено грло, болки во мускулите, силни главоболки, кашлање, изнемоштеност, а кај децата може да предизвика и гадење и повраќање. Се пренесува преку кивање и кашлање, т.е. преку заразени капки и преку површини кои се заразени со слуз од дишните патишта на заболена личност. Заразените капки може да преминат далечина од најмногу еден метар, па затоа за да „фатите“ грип потребен е близок контакт со заболената личност. Вирусот може да живее неколку часа на предмети како што се: чаша, телефон, пенкало, книга, тастатура и др. Затоа се препорачува почесто проветрување на затворени простории во кои престојуваат повеќе луѓе и редовно миење на рацете (сапунот го уништува вирусот).

Како да се лекувате дома и кога е неопходно да посетите лекар?

Потребно е мирување, консумирање многу течности, внесување повеќе свежо овошје, т.е. поголеми количества витамин Ц, како и вклучување на бел лук во секојдневните оброци (според една британска студија, пациентите кои јаделе бел лук биле за 70 проценти поотпорни на грип и времетраењето на истиот било за 80 проценти пократко).Грипот е предизвикан од вирус и затоа земањето антибиотици нема да влијае на текот на болеста.

За постари луѓе кои се лекуваат од хронични болести и луѓе кои имаат послаб имунитет, грипот може да биде тешка и опасна болест. Ако состојбата по неколку дена не се подобри, тоа може да е знак за бактериска инфекција. Во сите овие случаи неопходен е преглед и совет од доктор.

Анета Манчевска



BetaMedico Trading, www.betamedico.com.mk, betamed@t-home.mk, тел. 02 3246 698
Аптека Бета Фармација: Иван Милутиновиќ 24; Рузвелтова 28/1, лок.2, 1000 Скопје

Каде по завршувањето на основното училиште?

ПРАВИЛНИОТ ИЗБОР, ПРВ ЧЕКОР КОН УСПЕШНА КАРИЕРА

„Урбан Карпош“, сакајќи да им помогне на осмоодделенците од Карпош и на нивните родители да донесат добра одлука при запишувањето во средно училиште, овојпат детално ги објаснува условите

И најповршната логика вели дека изборот на средното образование е чин кој заслужува сериозна анализа пред да се донесе конечната одлука. Правилниот избор на средното образование е првиот чекор кон успешна професионална кариера и создавање личности кои се професионално реализирани и слободни. Ова, уште повеќе, во услови кога средното образование е задолжително, што значи бесплатно.

Познавањето на поставеноста на средното образование, во рамките на системот за образование на Република Македонија, е сознание кое треба да се има во вид кога се носи одлуката за иднината на осмоодделенците. „Урбан Карпош“, во таа смисла, сака да им помогне на нашите осмоодделенци и на нивните родители да направат правилен избор. Токму затоа овојпат детално ги објаснуваме критериумите за запишување во средните училишта.

Учениците што завршиле осмо одделение, за да се запишат во јавните средни училишта, мора да ги исполнуваат условите кои се утврдени со Законот за средното образование, Законот за стручното образование и обука, но и условите дадени во Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта за соодветната учебна година, кој го објавува Министерството за образование и наука најдоцна до 31 март. Тие подразбираат ученикот да не е постар од 17 години и да се определил за план и програма за гимназиско образование, стручно образование, средно уметничко образование или средно образование за ученици со посебни потреби. Како критериуми врз основа на кои се врши изборот на учениците во средните училишта, согласно конкурсот, се предвидени: средниот успех на ученикот од петто до осмо одделение, средниот успех постигнат по четири наставни предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се значајни за избраниот вид на образование, односно избраната струка), дипломи за освоени први, втори и трети места од меѓународни и републички натпревари и средна вредност од поени добиени за поведение. Ученикот, според сите критериуми утврдени со конкурсот, може да добие најмногу 80 поени.

Составен дел од конкурсот се и утврдениот број минимум поени за првиот уписен рок, а за да го илустрираме ова, го објавуваме минатогодишниот табеларен приказ за минимум потребни поени за запишување во сите образовни струки.

Ефтим Пејовски

ВИД НА ОБРАЗОВАНИЕ	ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ	СТРУЧНИ НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ	МИНИМУМ ПОЕНИ
Гимназиско	Мајчин и странски јазик	математика, историја	60
Економско-правно и трговско	Мајчин и странски јазик	математика, историја	60
Здравствено	Мајчин и странски јазик	биологија, хемија	70
Електротехничко	Мајчин и странски јазик	математика, физика	55, 50, 45, 30
Машинско	Мајчин и странски јазик	математика, физика	45, 30
Сообраќајно	Мајчин и странски јазик	математика, физика	60, 55, 45, 30
Градежно-геодетско	Мајчин и странски јазик	математика, физика	45, 30
Угостителско туристичко	Мајчин и странски јазик	биологија, географија	45, 30
Шумарско-дрвопреработувачко	Мајчин и странски јазик	биологија, математика	45, 30
Текстилно-кожарско	Мајчин и странски јазик	хемија, математика	45
Земјоделско-ветеринарно	Мајчин и странски јазик	биологија, хемија	45, 40
Хемиско-технолошко	Мајчин и странски јазик	хемија, математика	45, 30
Лични услуги	Мајчин и странски јазик	хемија, биологија	60
Графичко	Мајчин и странски јазик	хемија, ликовно образование	45, 30
Спортска гимназија	Мајчин и странски јазик	биологија, физичко образование	45

ЗАЕДНО ДО МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА

Општинското основно училиште „Димо Хаџи-Димов“ беше домаќин на делегација од основното училиште „Луѓ Гуракуќи“ од Општина Желино, по повод потпишувањето на Меморандумот за соработка на проектот „Меѓуетничка интеграција“, кој го спроведуваат УСАИД, Министерството за образование и Бирото за развој. Делегацијата од Желино беше пригодно пречекана, по што се одржа и работна средба на која тимовите на двете основни училишта што ќе го спроведуваат проектот ги разменија своите мислења за текот на реализацијата. Меѓу другото, на средбата беше истакнато дека самиот чин на потпишувањето на меморандумот е првиот чекор од плодната соработка што треба да произлезе од овој проект.



- Ова е прв ваков проект на нашето училиште, но сметам дека токму оваа соработка ќе нè научи сите нас, покрај нашите ученици, дека не треба да живееме еден покрај друг туку заедно – подвлече Зорка Ристова, директорка на ООУ „Димо Хаџи-Димов“. Задоволство од идејата на проектот изрази и директорот на ОУ „Луѓ Гуракуќи“, Рохи Демири, кој истакна дека очекува соработката меѓу училиштата да биде трајна и да придонесе за зближување на децата и на наставниот кадар. На средбата присуствуваа и претставници на двете општини, Мирјана Поповска од Карпош и Сауби Авзија од Желино, кои подвлекоа дека проектот „Меѓуетничка интеграција“ ќе има максимална поддршка од двете институции.

Л.П.К.

РАЗЛИКИТЕ НÈ ЗБЛИЖУВААТ

Во рамките на заедничкиот проект на УСАИД, Министерството за образование и Бирото за развој, насловен „Меѓуетничка интеграција“, ООУ „Владо Тасевски“ од општина Карпош и ООУ „Абдуљ Фрашери“ од село Боговиње - Тетово, потпишаа Меморандум за соработка. Целта на оваа иницијатива е двете основни училишта преку заеднички активности меѓусебно да се запознаат и да научат нешто повеќе за културните обичаи, прифаќајќи ги културните разлики на двата етникума. Основците од овие две училишта ќе учествуваат во заеднички проекти и работилници со едукативен карактер, а се предвидуваат и организирани излети. Во овој проект освен учениците, вклучени се и нивните родители, како и наставниот кадар од двете основни училишта. Родителите ќе можат подетално да се запознаат со активностите на овој проект, преку советот на родители и родителските средби, додека наставниците ќе остварат професионална соработка преку која ќе разменат заеднички искуства од областа на образовниот процес.

И.Ѓ.



Д-р Мекдоналд Вик, професор на Универзитетот „Охајо“

МИ НЕДОСТАСУВААТ ПРИЈАТЕЛИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА



Три месеци во Македонија престојуваше д-р Мекдоналд Вик, еден од врвните научници во областа на молекуларната биологија на животните, поточно во молекуларната биологија на мускулите. Тоа беше и повод да го замолиме да ги сподели своите импресии со читателите на „Урбан Карпош“

● **Која беше причината за Вашата посета на Македонија? Впрочем, како стигнавте во Скопје?**

- Мојата сопруга Шерил и јас дојдовме во Македонија како носители на престижната стипендија „Фулбрајт“ за да истражуваме и предаваме на Универзитетот „Св. Кирил и Меродиј“ заедно со професорот Зоран Поповски. Тој пред две години во исто својство работеше една година на Државниот универзитет „Охајо“ во Колумбус, каде што јас предавам повеќе од 15 години. Ова е своевидно продолжување на соработката, која ја заокружуваме со потпишување договор за соработка меѓу нашите универзитети.

● **Еден месец по враќањето во Колумбус, какви се Вашите импресии за Македонија? Како ја доживеавте нашата земја?**

- Македонија е земја длабоко нурната во историја и во култура. Веќе ни недостасуваат пријателите што ги стекнавме таму. Сепак, најсилните импресии остануваат од фантастичната музика, бескрајно вкусната храна, драгите пријатели и чувството на успорена брзина на животот. За тоа особено ви завидуваме.

● **Од професионална гледна точка, кои се главните разлики меѓу американското и македонското високо образование?**

- Главниот фокус кај американските престижни универзитети е ставен на задржување на контакти со поранешни студенти преку т.н. алумни асоцијации кои во голема мера донираат за нашите универзитети средства, а кои се голем дел од нивните буџети. Втора важна карактеристика на најдобрите универзитети во САД е нивното брендирање во секој поглед. Студентите во САД се третираат како граѓани кои плаќаат за сервисот наречен студирање и затоа најдобрите универзитети се борат за нивните долари, нудејќи им врвни академски услуги.

● **За време на Вашиот престој, Вие и Вашата сопруга Шерил живеевте во општина Карпош, додека во САД живеете во градот Даблин, кој е дел од главниот град на Охајо – Колумбус. Гледате ли некои сличности помеѓу Даблин и Карпош?**

- Сличноста е во тоа што Колумбус е главен град на Охајо, како и Скопје на Македонија. Но, градот Колумбус нема сериозно влијание врз независноста на овие помали градови како Даблин или Хилард,

кои секогаш се декларираат како посебни градови, а не како дел од Колумбус. Имаме впечаток дека нивото на социјализација во Карпош е повисоко од тоа во Даблин во што се уверивме преку „Карпошевото културно лето“. Исто така, имавме чест да се запознаеме и со вашиот многу енергичен и омилен градоначалник Стевчо Јакимовски и да станеме пријатели во вашата музичка легенда Влатко Стефановски.

● **Кои места ги посетивте во Македонија за време на Вашиот престој?**

- Нашиот домаќин, колега и пријател Зоран Поповски ни овозможи да посетиме многу прекрасни места во Македонија. Бевме во незаборавниот Охрид, потоа поминавме неколку денови во историскиот град-амфитеатар Крушево. Исто така, ги посетивме камената опсерваторија Кокино и камените Куклици. Ги посетивме импресивните локалитети Стоби и Хераклеја и аквадуктот во Скопје. Водно, исто така, многу ни се допадна, особено што можевме да пешачиме на Водно од дома. Сепак, некако најмногу ужививаме на гроздоберот во Неготино, каде што бевме гости на лозарите. Генерално, Македонија многу нѐ потсетува на Калифорнија каде што сме го поминале најголемиот дел од животот со мојата сопруга Шерил.

● **За време на престојот во Македонија, дали посетивте некоја друга земја во соседството? Дали забележавте некои заеднички работи меѓу балканските земји?**

- Секако дека ја искористивме можноста да ги посетиме и Грција, Србија, Босна и Херцеговина и Албанија. Во Грција бевме на одмор и беше навистина убаво. Во Босна и Херцеговина одржавме предавање на Универзитетот во Сараево и иницираме вмрежување на сродни институции од Балканот и од САД. Во Албанија бевме на конференција за заштита на Охридско Езеро. Сепак, најголем впечаток ни остави посетата на Истражувачката станица Петница во Србија, каде што два дена се дружевме со исклучително паметни и посветени млади луѓе, кои многу сериозно се занимаваа со наука. Мислам дека тоа е редок случај во светот. Во однос на сличностите и разликите, секако дека доминираат сличностите бидејќи танците, музиката и храната од Босна до Грција ни беа многу слични. Разликите се премногу суптилни за нас.

● **Дали би сакале да се вратите во Македонија?**

- Ќе се вратиме сигурно, во првата наредна пригода, бидејќи ги сакаме вашите луѓе, музиката и храната.

Игор Ѓуровски



Skopje City Mall

ВО ПРЕСРЕТ НА НОВОГОДИШНИТЕ ПРАЗНИЦИ

Декември е период кога сите се подготвуваат за прослава за новогодишната ноќ. Снежниот месец му е посветен на семејството и на дружбата со пријателите, со чаша вино во топол дом. За атмосферата да биде комплетна, „Сити мол“ ви излегува во пресрет и ви обезбедува можност без многу талкање да го пронајдете вистинскиот подарок за секој член од Вашето семејство и за секој Ваш пријател.

Токму затоа, **од 10 до 31 декември на вториот кат од трговскиот центар ќе се одржи новогодишен базар** со ексклузивна селекција на уникатно рачно изработени сувенири, производи од бакар, дрво, филц, текстил, филигран, стакло, накит. Во текот на тие три недели, секој ден од 12 до 22 часот, уживајќи во прошетката, ќе најдете подароци за сечиј вкус, а, се разбира, ќе можете и себеси да се подновите.

„Сити мол“ ви посакува убаво празнично расположение.

Белведере ресорт

УНИКАТЕН ПОГЛЕД ОД ЕКСКЛУЗИВЕН ДОМ

Сместен на самиот раб од населбата Жданец во општина Карпош, „Белведере ресорт“ е станбен комплекс кој како проект го реализира компанијата „Имвента“, формирана од група американски и израелски инвеститори. Комплексот е извонредно лоциран за пристап до сите неопходности од секојдневниот живот, но со доволно интимност што ја обезбедува приватниот пристапен пат низ зеленият појас.

„Белведере ресорт“ нуди домување во ексклузивни услови, а меѓу предностите на можноста да се живее таму се извонредниот поглед на Скопје што го пружа локацијата, загарантираниот гаражен простор за секој стан, како и пријатното опкружување кое создава услови за бескрајни прошетки во фантастична природа.

За чувството на луксузност да биде комплетно, на купувачите што ќе склучат договор до 31 декември годинава, „Имвента“ им нуди посебна погодност да станат сопственици на т.н. смарт-апартман (smart house), во кој постои можност за контрола на станбениот простор преку висока технологија, односно преку телефон или лап-топ.

Да се биде жител на „Белведере ресорт“ значи да се уживаат и многу други погодности, а ако сакате да видите што сè нуди овој луксузен станбен комплекс во Карпош, посетете ја веб-страницата www.belvedereresort.mk. Во секој случај, дополнителна гаранција за кавлитетот што им се нуди на купувачите е и тоа што соработници на овој проект се фабриката „Карпош“ и „Радо инженеринг“.





Разговор со „Златното перо“ на Карпош: Дијана Дурлевиќ, ученичка во ООУ „Димо Хаџи-Димов“, победник на литературниот конкурс на Општина Карпош

МОЈОТ „ДЕЧКО“ - РОМАНОТ

Кога наспроти вас ќе седне 13-годишно девојче, кое би требало повеќе да биде дете, отколку девојка, и патем ќе ви каже дека најсурово нешто е животот и дека мракот ѝ е сојузник во пишувањето, во мечтите, но се плаши од темнината на животот, и дека веќе зад себе има полни пет години пишувачки, поетско-творечки стаж, тогаш сте сигурен дека седите со некоја вонсериска личност. Дијана Дурлевиќ е токму таа личност. Таа е „Деница“ на ѕвездениот небо на Карпош. Немаше да го видиме нејзиниот сјај да не беше литературниот конкурс по повод роденденот на нашата Општина. Во Карпош има многу таленти, скриени бисери, кои одвременавреме ќе блеснат, но сепак талентот, велат, е како шило. Кај и да го криеш, да го потиснуваш, некаде ќе излезе и ќе боцне. Така нè боцна нас четворицата, жири-комисијата, една архаична шифра „Белегзија“ и најубавата поема „Заедничка игра“ од 80 доспеани литературни творби, за која немавме дилема дека е најдобро дело од сите. Но, сепак, дали може нешто толку убаво, нешто толку вредно да напише дете? Конкурсот беше за талентирани поети и писатели меѓу основците од Карпош. Не е грев да се посомневаш, но грев е бланко да ја отфрлиш „Белегзијата“ или да не провериш кој вистински стои зад неа.

Кога сомничаво го прашавме професорот по македонски кој, всушност, стои зад „Белегзијата“, тој фројдовски се истрча, насетувајќи дека нешто не е во ред, и ни рече: „Дијана! Знаев дека не требаше да ја прати нејзината најлоша песна, ѝ реков! Да видите таа каква стихозбирка подготвува за издавање“. Тоа беше доволно, а ние занемени од вчудоневиденост се прашавме: „Ако вака звучи најлошата песна на Дијана Дурлевиќ, какви се подобрите?!“ Бевме едногласни: таа е „Златното перо на Карпош“ за оваа 2013 година. А можеби и за навек?

Дијана не е само поетеса, пишувач на прекрасни драми, сонувач на најфантастичните приказни, бајки, хумористички. Таа е нешто многу, многу повеќе. Нешто што треба да се доживее, а не да се опише. Ни раскажа дека сака да биде режисер. Не дека ќе престане со пишување! „Тоа никој не може да ми го земе, вечно ќе си го носам со себе и ќе пишувам кога сакам. Но, сакам на зборовите да им дадам душа, да ги видам моите дела на сцена“, вели. И ќе успее, зашто Дијана не се штеди. Добра е, одлична е во сè. Пишува за училишниот весник, но најмногу за себе. Чита во секој слободен миг. Малку шета, нема симпатија, нема момче, но сака да каже: „Мене дечко ми е романот“. И не е само вљубена во книгата. Вели: „И кога ми е убаво и кога ми е тешко, ќе седнам и ќе си напишам и никој не знае што пишувам. Најчесто пишувам за животот. Пишувам автобиографски. Моите песни и раскази се, всушност, мојот дневник. Со секоја прочитана книга, со секоја напишана песна, чувствувам, се качувам едно скалило повисоко.“ Дијана Дурлевиќ, „златното перо“ на Карпош чекори кон врвот.

В. Цветковска

Петар Муратовски, нова надеж на македонската гимнастика

SВЕЗДАТА СЕ РАЃА



Навидум сè уште мало момче, девет и полгодишниот Петар Муратовски изненадува со своите извонредни спортски резултати. И покрај тоа што гимнастиката не го достигнала врвот на популарноста кај нас, тоа не го спречува четвртоодделенецот од ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“ да го засака овој спорт и активно да се занимава со него.

„На четиригодишна возраст почнав да тренирам гимнастика. Морам да ви кажам дека тоа се случи сосем спонтано“, низ насмевка објаснува Петар. „Поради здравствени проблеми, докторот ми препорача да спортувам и да правам вежби кои го прошируваат градниот кош. Затоа, меѓу пливањето и гимнастиката, јас, сепак, се одлучив за древниот спорт. Оттогаш, оваа спортска вештина ми прирасна за срце и стана незаменлив дел од мојот живот. Најмногу го засакав вратилото, а најдобар сум на алки“, вели младиот карпошанин.

И покрај тоа што активно се занимава со гимнастика, тренинзите не го нарушуваат ритамот на неговото безгрижно детство. Петар тренира во КГС „Партизан Орце Николов – Скопје“, двапати во неделата, по два часа и веќе има постигнато видни резултати. Досега има освоено две златни и две сребрени медали во категоријата помлади пионери на државните првенства во гимнастика на Македонија. Но, спортскиот оган кој гори во неговите гради е нескротлив и бара нови предизвици. Освен гимнастика, Петар се занимава и со качување на вештачка карпа, каде бележи неколку успеси на домашна и на меѓународна сцена.

Младиот талент од Карпош не е осамен на патот кон остварување на своите спортски амбиции. Неопходната поддршка ја добива од своите родители и од својата сестричка, која, исто така, тренира гимнастика и пливање. Меѓутоа, сиот тој спортски ентузијазам и љубовта кон гимнастиката го одржува неговиот тренер Ангел Наумовски, кој безрезервно работи со Петар.

„Знам дека овој спорт бара многу дисциплина, голема физичка подготвеност и концентрација. Подготвен сум на таков начин на живот. Впрочем, кога работиш со љубов, ништо не е тешко. Би сакал да се фокусирам кон мојата најголема амбиција, а тоа е настапот на Летните олимписки игри во Токио во 2020 година“, возбудено говори Петар.

Младиот карпошанин сонува со отворени очи. Можеби необичен сон, кој не е карактеристичен за децата на негова возраст. Тој би сакал гордо да ги развиори знамињата на својата општина и татковина, на Олимписките игри во Јапонија. Секако, личната посветеност и поддршката од неговото семејство и тренерот, ќе бидат императив за него. Но, Петар треба да знае дека патот кон успехот е долг, напорен, а понекогаш се чини и бесконечен. Во моментите на искушение, потребно е да се присети на поголемото семејство – општина Карпош, кое ќе биде секогаш со него, ќе го набљудува и ќе го наградува секој негов труд. Ќе му помогне да зачекори на патот кон ѕвездите.

Игор Ѓуровски

ПРОДАЖБА НА ГОЛЕМО И МАЛО

ЛАМИНАТИ
ТРОСЛОЕН ПАРКЕТ
ПВЦ ЛАЈСНИ
ГИПС КАРТОН
ПРОФИЛИ И ПРИБОР ЗА СУВА ГРАДБА
ЛЕКСАН - ПОЛИКАРБОНАТНИ ПЛОЧИ
СПУШТЕНИ ПЛАФОНИ
ФАСАДНИ СИСТЕМИ

РИТАМ ТРЕЈД
Д.О.О УВОЗ - ИЗВОЗ
центар за сува градба

Тел: 02/ 2040 - 572; 075/ 423 - 034
Адреса: ул. Женевска бр.3
www. ritamtrejd.com.mk

Ренато Амет, фудбалер на четири години

МАЛИОТ МЕСИ ОД НЕРЕЗИ

„Карпош Урбан“ нема рубрика „верувале или не“, но приказната за Ренато Амет од Нерези припаѓа токму во една таква рубрика. Тој има само четири години и, според зборовите на неговиот тренер Павел Неделковски, игра фудбал како осум-деветгодишно момче.

Неговите родители, Флора и Јусуф Амет, со неверување зборуваат за талентот на своето дете, како сè уште да не се свесни дека тој е веќе член на најпознатиот македонски фудбалски клуб „Вардар“.

- Рене си игра со фудбал уште откако прооде. Дури и неговата прва топка беше вистински фудбал. Тој, всушност, никогаш и не си играл со оние гумени топки со какви што играат децата на негова возраст. Но, ние и не знаевме за тоа колку силно шутира сè додека неговата воспитувачка во градинка не ни кажа дека за малку со топката не повредил едно дете од неговата група. Тогаш првпат го однесов во парк за да си играме со топка. Си мислев, нека ја потроши енергијата... – ни раскажува тато Јусуф. Тој се потсетува дека извесен период откако почнале интензивно да се дружат со фудбалот, му пришол сосема непознат човек, за кој подоцна дознал дека е координатор во детската школа на ФК „Вардар“, и му понудил препорака за вклучување на Рене во школата на овој клуб.

Сега Рене веќе една година тренира фудбал и со својата очигледна вештина, но и поради тоа што е премногу млад, привлекува внимание и кај професионалците во овој спорт и кај медиумите.

- Координаторите, односно тренерите во школата, се навистина фасцинирани од тоа колку силен шут има Рене и од тоа како ја води топката, воопшто не погледнувајќи ја. Дури велат дека тој има и физички предиспозиции за фудбалер – вели мама Флора.

Ренато оди во градинката „Мајски цвет“ и воопшто не е срамежлив. Тој е пргаво темпераментно момченце, кое, ако го прашате, како од пушка ќе ви одговори дека омилен клуб му е „Барселона“, а омилени фудбалери – Меси, Неимар, Ел Шарави,... Сепак, и покрај неговата очигледна љубов за овој спорт, неговите родители сметаат дека образованието треба да има предност.

- Рене е сè уште малечок за големи одлуки, па логично е да му наметнеме да се образува пред сè. Има и извонреден слух за музика, зашто ние сме музичко семејство, но сепак фудбалот го интересира најмногу. Се разбира дека ако неговата желба за играње фудбал надвладее, ние ќе го поддржиме за-што подобро е, во секој случај, да се занимава со спорт отколку со нешто друго – дециден е татко му Јусуф.

Тренинзите на Ренато засега опфаќаат кондициска подготовка, односно трчање и полигонско воде-



ње топка, но за неговиот очигледен талент веќе на големо се зборува и во медиумите. Ова мало момче навистина заслужува внимание, зашто, ако им веруваме на стручните, ваков талент се раѓа еднаш на 100 години. Па, само напред Рене!

Лилјана Петрушевска-Кочовска



МАРТИНИ
КАФЕ БАР
www.martinicaffe.mk

ENRIKO
pizza & pasta

СКАРА БАР
ГОСТИЛНИЦА
Телефон за контакт: 075 727 110

Овозможува пријатни мигови на уживање
во исклучително добра храна, одбрани вина,
врвна услуга, тивка музика, ексклузивен ентериер

РЕСТОРАН
Ден и Ноќ

Адреса: ул. Скупи бр.1
email: deninok@replek.com.mk
Тел: 02/ 3096 096
Факс: 02/ 3095 666

УМЕТНИЧКИ РАКОТВОРБИ
МОНО АРТ
ДЕКОРАТИВНИ УКРАСИ
ТЦ Техника Ул. Никола Русински
бр. 15 лок. 132 спроти Сити Мол
тел. 077/892-059
marketkonekt.com
jov.box@gmail.com

ФУРНА
РЕСТОРАН - ПИЦЕРИЈА
ул. Митрополит Теодосиј Гологанов б.б.
тел: 02/3 080-025; 078/ 255-849

Стефано-97
stefano@mol.com.mk
www.stefano-97.com.mk
Партизански одреди 119
1000 Скопје Македонија
тел. 02 3064 558
факс. 02 3064 574

KTM
BIKE INDUSTRIES

THULE
SWEDEN

СЕ ЗА ВАШАТА ГРАДИНА

MTD
Тел. 02/ 3063 286 - Тафталиџе
www.feroelektro.mk

- ЕЛЕКТРИЧНИ И БЕНЗИНСКИ КОСИЛКИ
- ПРСКАЛКИ ЗА ТРЕВА
- ТРАКТОР КОСИЛКИ
- БАЗЕНИ INTEX

PHOTO VIDEO
&
LIMOUSINE SERVICE
"JASMINA"
tel.rab.02/3062-018
tel. 078\305-186
tel. 072\643-881
WWW.FOTOJASMINA.COM.MK
FOTOJASMINA@YAHOO.COM

TIVES®
italian style
T.C. Leptokarija
ul. Nikola Rusinski 3b lok 15
Tel. +389 (2) 61 31 250
www.tives.com.mk

Карпош Комуницира

ИНТЕРНЕТ

Општина Карпош shared a link.
18 November near Skopje



Започна реновирањето на старата фасада на уште една зграда во Карпош

Zvonimir Popovski BRAVO TAKA TRBASE I REDNO BESE DA SE VRATI SJAJOT NA ZGRADITE VO KARPOS 2.,...POZZ

Jermina Hadzajlic Svaka vam čast!Na takvom primjeru trebaju se mnogi ugledati!!!!

Milica Simic AH TAJ KARPOS PRELEPI
Like · Reply · 21 November at 22:19

Santos Spasovski Градинки, основни училишта и се околу пензионерите. Тоа се вашите успеси.

Stevco Jakimovski shared a link.
5 November



Slavica Novacevska Bravo gradonacalnice, licniot primer e najdobar primer za ostanatite.Humanosta e osobina koja ja poseduvaat samo golemite lugje.Sekoja cest!
5 November at 21:57 · Like

Божидар Маѓероски @BobbyMageroski 13 Nov
@parg0 @OpstinaKarpos @Skopski_Peder @topanskoboy Обично овие електронски табли се стават на автопат каде што нема велосипедисти.

Opstina Karpos @OpstinaKarpos 13 Nov
@BobbyMageroski @parg0 @Skopski_Peder @topanskoboy МЕРАЧИ НА СООБРАЌАЈ bit.ly/1buXlUY

Parg0 @parg0 11 N
@OpstinaKarpos @JStevco Ве молам за објаснување за ваквото узурпирање на велосипедската патека пред Симпо.

pic.twitter.com/D90bXJA4Dq
Hide photo · Reply · Retweet · Favorite · Mo



Градот Скопје, на околу 20-тина локации постави електронски мерачи на сообраќај. На територијата на Општина Карпош засега е поставен еден таков уред, на булеварот Партизнски одреди, кај „Симпо“. Бидејќи имавме реакции од граѓаните дека оваа опрема е поставена на велосипедска патека, сакаме да ве известиме дека во комуникација со Градот Скопје добивме сознанија дека станува збор за електронска сигнализација која е поставена согласно законските прописи, односно издадена е дозвола од градот. Инаку, уредот има за цел да го регулира сообраќајот преку диктирање на дозволената брзина за возење. Имено од Транспортниот центар (кај Железничка станица) постојано се следи состојбата со сообраќајот во градот на неколку локации, м еѓу кои и оваа, и согласно со променливите услови по градските улици се менаџира и дозволената брзина за возење.

Изработила: Ива Манова

www.karpos.gov.mk

ИЗВОНРЕДЕН УСПЕХ НА ЏУДИСТИТЕ ОД КАРПОШ

Џудистите од клубот „Ипон“ остварија неверојатен резултат освојувајќи дури шест златни, еден сребрен и еден бронзен медал. На 2 ноември тие настапија на вториот Меѓународен меморијален турнир „Панче Момировски“ и ги покажаа својата извонредна техника и својот беспрекорен спортски талент. Натпреварувачкиот дух успешно го наметнаа не само кон своите врсници, туку и кон постарите натпреварувачи. Амра Фејзула се натпреварува во кадетска конкуренција до 57 килограми и во сениорска конкуренција до 57 килограми. Кај сениорките, Амра ги победи своите противнички и го освои златниот медал, прикажувајќи одлично џудо и оставајќи го срцето на татамите. Исто така, Арбреша Реџепи се закити со златен медал кај пионерките до 40 килограми и со сребро кај кадетките до 44 килограми, додека Хамза Јашари, стипендистот на Општина Карпош, беше „златен“ во категоријата пионери до 42 килограми. Мефаил Кадри стекна бронзен медал во категоријата 73 килограми кај пионерите. На 3 ноември, пак, во Аминдео, Р. Грција,



Арбреша Реџепи го освои златниот медал во пионерска конкуренција, во категорија до 48 килограми, а Амра Фејзула, исто така, се избори за злато во кадетска конкуренција во категорија до 57 килограми. На отвореното првенство во Хамбург (Германија), Блерина Сефери беше најдобра во пионерска конкуренција, во категоријата до 52 килограми, освојувајќи златен медал.

И.Ѓ.

Lukanoski

Стоматолошка ординација
д-р. Ивица Луканоски

Креатори на Вашата насмевка



СОВРЕМЕНА СТОМАТОЛОГИЈА БЛИСКУ ДО ВАС
Семејна стоматологија

Рентген кабинет
-снимка на еден заб
-снимање на половина страна
-снимање на цела вилица panoramix
-снимки за синуси
-снимање на вилични зглобови
Стоматолошка протетика
-коронки и мостови
-сите видови на протези
Дигитален панорамикс
Имплантологија
Орална хирургија
-најсовремени импланти
по најпристапни цени

Ординацијата има склучено договор со Фондот за здравство на Република Македонија

Новогодишен попуст 10% на протетика

ул. Никола Русински 3Б 1000 Скопје;
тел: 02/ 3 079-958; 070/ 542-295;

e-mail: ordlukanoski@gmail.com;
www. lukanoski.mk

СРЕБРО ЗА НАШИТЕ ВАТЕРПОЛИСТИ



Со две победи и со два пораза, ВК „Бета“ - Скопје го обезбеди второто место на традиционалниот Меѓународен пливачки и ватерполо-митинг „13 Ноември“, кој се одржа минатиот месец во базенот на СЦ „Борис Трајковски“. Во организација на ВК „Бета“ и СЦ „Борис Трајковски“, со финансиска поддршка на Општина Карпош, љубителите на водените спортови присуствуваа на крајно возбудливи натпревари, кои им ги приредија младите ватерполисти во категорија до 15 години. На оваа спортска манифестација, ватерполистите од ВК „Аполо“ - Солун (Грција) го освоија првото место, второто место им припадна на домашните ватерполисти од ВК „Бета“ - Скопје, додека третото место го обезбедија ватерполистите од ВК „Дубочица“ - Лесковац (Србија). ВК „Аполо 99“ - Солун (Грција) се пласираше на четвртото место, а петтото им припадна на ватерполистите од ВК „Локомотив“ - Софија (Бугарија). Највозбудлив натпревар и, воедно, борба за првото место беше мечот од четвртото коло меѓу екипите на „Бета“ и „Аполо“, кој изобилуваше со неизвесност до самиот крај. Домашните ватерполисти го почнаа турнирот со незгодниот пораз во првото коло од екипата од Србија, но веднаш потоа успеаја да се вратат во игра. Од натпревар во натпревар, со поголема борбеност и концентрација, ватерполистите од ВК „Бета“ останаа во конкуренција за добар пласман. На оваа спортска манифестација присуствуваше градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој во оваа пригода им ги врачи наградите на поединците и пехарите на екипите кои остварија најдобри резултати во рамките на овој турнир. За најдобар играч на турнирот е прогласен Костас Салтас од ВК „Аполо“, најдобри стрелци на турнирот се домашните ватерполисти со 14 погодоци, Давор Трифунов и Иво Ристовски од ВК „Бета“, додека нивниот соиграч Ненад Димовски е прогласен за најдобар голман.

И.Ѓ.

ЧЕТВРТИ СРЕДНОШКОЛСКИ КОШАРКАРСКИ ТУРНИР

Со кошаркарскиот меч меѓу екипите на ДСУГС „Орце Николов“ и ДСУГС „Никола Карев“, официјално почна четвртата по ред кошаркарска средношколска лига, во организација на Општина Карпош. Со два коша разлика, екипата на ДСУГС „Орце Николов“ го совлада својот ривал ДСУГС „Никола Карев“ со резултат 39:37. Во вториот меч играчите на ДСУГС „Георги Димитров“ славеа над своите соперници од американското училиште „Нова“, со 17 коша разлика или 47:30.

Наградата за првопласираната екипа во Средношколскиот кошаркарски турнир ќе изнесува 150.000 денари, за второпласираната 100.000 денари, а третата награда ќе биде сума од 50.000 денари. За најдобрите ќе следуваат и пофалници.

Л.П.К.





ХОРОСКОП

Декември '13



Јоана Станиќ

ОВЕН: Тежок месец за Овните поради критичните аспекти на Марс. Во љубовта, напната атмосфера, а на работа ќе бидете ставени на тест. Во однос на здравјето, внимавајте на исхраната зашто ќе бидете подложни на инфекции.

БИК: Остварување на очекувањата на љубовен план. На работа атмосферата е малку затегната, а имате и непотребни финансиски трошоци. Во добра здравствена кондиција сте.

БЛИЗНАЦИ: За слободните, ова е одличен месец за пронаоѓање партнер. Во работата ќе се трудите да се докажете, а и извесен е одреден прилив на финансии. Здравјето ќе ви биде солидно.

РАК: Слободните ќе шармираат сè околу себе, а тие во врска нека гледаат да ги избегнат конфликтите. Поволниот аспект на Сатурн ви носи мир и успех на работен план, но воздржете се од импулсивно купување. Зголемен ризик од несреќи.

ЛАВ: Шаренолик месец за Лавовите. Ќе бидете расположени за флерт и за забава. Со упорност ќе ги решавате работните проблеми. На здравствен план, нема да имате некои сериозни тешкотии.

ДЕВИЦА: Одличен месец за решавање на сите љубовни проблеми, а за слободните - за сериозна врска.На работен план напредок во кариерата или финансиска добивка. Внимавајте од настинки и консумирајте повеќе овошје.

ВАГА: Декември не ви носи многу успех во љубовта, но ви дава можност за расчистување стари сметки. Воздржете се од вложувања. Поведете повеќе сметка за здравјето – посетете стоматолог.

СКОРПИЈА: Во романтичните моменти со партнерот, воздржете се од критика. За работниот успех не треба да се грижите, но водете сметка за финансиите. На здравствен план нема важни промени.

СТРЕЛЕЦ: Внесете повеќе страст во љубовниот живот. Почетокот на месецот ви носи турбуленции на работен план, но потоа сè ќе се стабилизира. Покажете штедливост. Внимавајте на повреди на нозете.

ЈАРЕЦ: Не решавајте крупни работи на љубовен план, оставете го тоа за понатаму. Подобрувањето на односите на работен план ќе донесе и финансиски напредок. Здравјето ви е добро, но пожелно е да сте повеќе физички активни.

ВОДОЛИЈА: Не очекувајте многу промени во љубовниот живот. Декември ви носи поголема стабилност. Во работата сите предизвици ќе ги совладувате, а на здравствен план полека ќе ги решавате проблемите. Одморајте повеќе.

РИБИ: Ќе имате полесна комуникација со потенцијалните партнери, поволна работна атмосфера и незначајни трошоци. Здравјето ви се подобрува, но не заборавајте да го одржувате имунитетот.

Хомеопатија

ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ХОМЕОПАТИЈАТА



Витална сила

Ова е првиот принцип по кој хомеопатијата се разликува од класичната медицина. Виталната сила е енергија што го анимира телото, му ја одржува функцијата, се однесува како негов регулатор, обидувајќи се да ја одржи хармонијата на телото. Таа не може да се измери, но со набљудување може да се процени колкава е животната сила на некоја личност. Во кинеската традиционална медицина чи е енергија, а во ајурведската тоа е прана. Со други зборови, тоа е виталноста на еден организам.

Закон на сличност

Ова е основниот принцип на хомеопатијата според кој сличното се лечи со слично. Тоа значи дека супстанцата која предизвикува одредени симптоми кај здрава личност, ги користи истите тие симптоми кај болна личност. На пример, allium сера е направен од кромид и се користи за лечење настинка чии симптоми и сензации се јавуваат кога сечеме кромид.

Приемчивост

Секоја личност има одредена приемчивост и предиспозиција и различно реагира на различни болести. Приемчивоста зависи од квалитетот на виталната сила и таа најчесто останува иста во текот на целиот живот, но некои фактори можат да ја влошат состојбата (пушење, алкохол, лоша исхрана) и да го направат организмот приемчив за болест. Исто така, позитивните влијанија, урамнотежен живот, правилна исхрана и добар хомеопатски лек, можат да ја намалат приемчивоста за многу болести. Генетското наследство има големо значење за приемчивоста.

Мијазми

Мијазмата претставува нарушување, „грешка“ на животната сила. Ханеман на почетокот имал добри резултати, но со тек на време забележал дека симптомите или болеста по некое време се враќаат. Со години ги анализирал хроничните случаи и дошол до заклучок дека причина се мијазмите. Тој ги поделил на три типа: psora (најстарата мијазма, корен на сите болести, настаната со супресија на кожните промени и ерупции), sycosis (потекнува од супримирана гонореја), syphilis (потекнува од супримиран сифилис).



ТВИТЕР ХУМОР

@sharenamarsovka
Го сакам Твитер само затоа што никогаш не спие..

@gordiev_jazol
Сте приметиле дека секогаш кога земате здраво за готово, готово е уште пред да кажеш „здраво“?

@marinaodremo
Недела. Ден познат како „Ај не!“

@farbanius
кога се мали, ги учат да не бојат надвор од линиите, а кога ќе пораснат, очекуваат да размислуваат надвор од шаблонот. епа не иде.

@chokolatce
А не е битно со која нога станете, него со која мисла.

@theoutfiter0
Секогаш кога ќе ти се случи нешто, прв дознава Господ. Него прв го прашуваш.
- Господе, што се случи?

@ivocmon
Твит број 10000 :) Голема благодарност до мама и тато што ми го купија компјутерот и плаќаат интернетот без нив немаше да сум тука :)

@noluckmakedonec
Доколку келнерот не ви носи чаша вода, предупредете го дека сте епилептичар и доколку не ги испиете апчињата ќе направите пена парти.



@jumalatuoni
И дај кога пишувате на ѕидови „Марија, те сакам, врати се“ или слично, по некое време пишете ни дали се вратила, оти ние патиме.




Η
Γ
Α
Ρ